# Тест со биопсија во клиника за дојки

**Информации за жените кои се испратени на биопсија заради земање на примерок**

the women's
the royal women's hospital
victoria australia

Специјалистот во клиниката за дојки (Breast Clinic) ве испрати на испитување за откривање на причините за промени на дојките.

Испитуавњето кое ќе го објасниме во брошурава е наречено биопсија.  Се користи за испитување на израслини или други промени на дојките.

Жените често се грижат дека промените на дојките може да се рак. Иако промените кои ние ги испитуваме честопати се непријатни, болни или загрижувачки за жените, тие ретко значат рак на дојките. Постојат многу причини за невообичаени промени на дојките, меѓутоа повеќето се безопасни и не се штетни. Знаеме дека може да се грижите, затоа ќе настојуваме да ви ги направиме резултатите колку што е можно побрзо.

Некои жени се исто така загрижени за самото испитување на кое се испратени.

Биопсијата не е опасна и обично е безболна.

Оваа брошура ќе ви пружи некои основни информации за двата најчести вида на биопсија. Вие можете да го прашате специјалистот или сестрата на денот на испитувањето или да се јавите на клиниката за дојки (Breast Clinic) на главниот телефонски број на клиниката.

## Што е биопсијата?

Бипсијата е земање примерок или клетки од телото и испитување на примерокот под микроскоп. Специјалистите користат разновидни методи за земање на примерок. Кој метод ќе се примени зависи од:

- Каде се наоѓа израслината или промената
- Големината на израслината или промената
- Вашата и семејната здравствена историја

Двата најчесо користени методи на биопсија се наречени постапка со мала игла (Fine Needle Aspiration (FNA)) и биопсија со земање примерок (Core Biopsy).

Лекарот специјалист ќе разговара со вас кој вид на биопсија ќе се примени.

## Постапка со мала игла (Fine Needle Aspiration (FNA))

При оваа постапка, специјалистот користи игла за да извлече течност или клетки од делот кој се испитува. Оваа игла е потенка од онаа која се користи за вадење крв. Оваа постапка може да биде непријатна меѓута обично не е болна.

Понекогаш остануваат модринки или слабо крварење на местото каде што влегла иглата. Тоа брзо поминува. Веднаш после тоа можете да одите дома.

## Биопсија со земање примерок (Core biopsy)

При оваа постапка радиологот користи малку поголема игла за да земе ткиво од местото кое се испитува. Оваа биопсија секогаш се изведува со локална анестезија. Обично истата не е болна, меѓутоа вие мора да бидете мирни додека постапката се извршува.

Обично се земаат повеќе примероци од ткивото од едно место. Некогаш се земаат примероци од различни  страни.

При оваа биопсија иглата се наведува со ултразвук додека вие лежите со грбот на маса.

Некогаш иглата се наведува со рентгенски зраци (мамограм). Оваа постапка се вика стереостатска биопсија со земање примерок (stereotactic core biopsy). Апаратот кој се користи е различен од оној кој се користи за класичната мамографија. Наместо да стоите, вие лежите на стомакот на специјална маса, која има отвор за дојките. Радиологот или сестрата помагаат да ги поставите дојките во отворот така што радиологот ќе може да направи снимки и да ја

стави иглата полесно. Дојките се стиснати како на апарат за нормална мамографија, меѓутоа не се чувствувате неудобно зашто лежите.

Кога дојката ви е наместена како што треба и вие се чувствувате удобно, радиологот прави серија снимки со x-зраци за да ја наведува иглата и да земе примероци од ткивото. Може да почувствувате лесен притисок кога се зема примерокот, меѓутоа не би требало да чувствувате болка.

Биопсијата со земање примерок обично трае 45 до 60 минути, а анестетикот исчезнува за неколку часа.

Во некои клиники бараат да се одморите после биопсијата и некој друг да ве вози дома. Тие исто така препорачуваат избегнување активности кои влијаат на рамото каде што е извршена биопсијата (како пружување алишта или чистење со правосмукалка) во текот на 24 часа.

Често останува модринка или слабо крварење каде што влегла иглата. Тоа брзо ќе помине.

Специјалистот може да стави воодоотпорен завој на местото. Завојот не мора да се менува, а вие ќе може да се капете со него. Проверете со специјалистот кога ќе можете да го извадите завојот.

Ако чувствувате болка после биопсијата, земете некое средно јако средство за болки, како paracetamol кое би требало да помогне.

## ПРАКТИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

**Не треба посебно да се подготвувате за FNA или биопсија со земање примерок (core biopsy).**

**Ниедна од овие видови на биопсија не бара да останете в болница, така да ќе можете да се вратите дома истиот ден. Вашата посета на болницата може да трае 2 до 3 часа, иако самата биопсија трае помалку од еден час.**

**При биопсијата ќе треба да го соблечете горниот дел и градникот.**

**На испитувањето обично се присутни радиолог, радиограф и сестра. Лабораториски техничар може да дојде за да ги земе примероците.**

# Резултати
## од биопсијата

Кога клетките или ткивото ќе бидат земени, примероците ќе се испратат во лабораторија. Може да треба една до две недели за испитување на примероците.

Обично ќе треба да дојдете на уште еден преглед за да ги дискутирате резултатите со специјалистот. Ние не ги соопштуваме резултатите преку телефон. Со ваша согласност ние ќе го известиме и вашиот општ лекар за резултатите.

*Оваа брошура е напишана за жените кои биле на преглед кај специјалист за дојки. Не е наменета како замена за совет на квалификуван лекар.*

**DISCLAIMER** The Royal Women's Hospital does not accept any liability to any person for the information or advice (or use of such information or advice) which is provided in this fact sheet or incorporated into it by reference. We provide this information on the understanding that all persons accessing it take responsibility for assessing its relevance and accuracy. Women are encouraged to discuss their health needs with a health practitioner. If you have concerns about your health, you should seek advice from your health care provider or if you require urgent care you should go to the nearest hospital Emergency Department. © The Royal Women's Hospital, November 2003. Reviewed December 2018